Врз основа на одредбите од чл.37-н од Законот за јавните претпријатија (Сл.весник на РМ бр. 38/96, 9/97, 6/02, 19/02, 40/03, 49/06, 22/07, 83/09, 97/10, 6/12, 119/13, 41/14, 138/14, 25/15, 61/15, 39/16 и 64/18), член 6 од Законот за вработените во јавниот сектор (Сл.весник на РМ бр.27/14, 199/14, 27/16 и 35/18), и одредбите од член 33 од Правилникот за формата и содржината на јавниот оглас за вработување и интерниот оглас за унапредување, начинот на поднесување на пријавата за вработување и унапредување, начинот на спроведување на селекцијата за вработување и за унапредување, како и начинот на бодирањето за давателите на јавни услуги со арх.бр.02-285/7 од 31.10.2017 година, Директорот на Јавното комунално претпријатие "Илинден" н.Илинден, донесе

Јавно комунално претпријатие „ИЛИНДЕН"
Бр. 04-150/7
23.07.2021 год.
Населба ИЛИНДЕН

**ОДЛУКА**
**за извршен избор на кандидат по Интерен оглас бр.02/2021**
**за пополнување на работно место со унапредување на даватели на јавни услуги**

I. За пополнување на работни места со унапредување на давателите на јавни услуги во ЈКП ,,Илинден" н.Илинден, по објавениот Интерен оглас бр.02/2021:

1. **За работното место Раководител на одделение за јавна хигиена**, со шифра КДР 03 05 А03 015, во Одделение за јавна хигиена - Стручна служба - 1 (еден) извршител - **избран е следниот кандидат:**
   - **ПРЕДРАГ БОЈКОВСКИ**

II. Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето.

**Образложение**

На ден 15.07.2021 година на веб страната на Јавното комунално претпријатие ,,Илинден" н.Илинден http://jkpilinden.com.mk/ и на огласната табла на претпријатието објавен е Интерен оглас бр.02/2021 за пополнување на работно место со унапредување на давател на јавна услуга, за работното место Раководител на одделение за јавна хигиена, со шифра КДР 03 05 А03 015, во Одделение за јавна хигиена - Стручна служба, 1 (еден) извршител.

Комисијата за селекција за унапредување, формирана со Решение на Директорот на Јавното комунално претпријатие ,,Илинден" н.Илинден бр.04-150/2 од 15.07.2021 година, а во функција на спроведување на постапката за унапредување на давател на јавна услуга за извршување на работите од точка 1 на оваа одлука, а по објавувањето на интерниот оглас број 02/2021, спроведе постапка за селекција за унапредување за наведеното работно место, а во согласност со одредбите од Законот за јавните претпријатија, Законот за вработените во јавниот сектор и Правилникот за формата и содржината на јавниот оглас за вработување и интерниот оглас за унапредување, начинот на поднесување на пријавата за вработување и унапредување, начинот на спроведување на селекцијата за вработување и за унапредување, како и начинот на бодирањето за давателите на јавни услуги со арх.бр.02-285/7 од 31.10.2017 година.

По спроведената постапка, од страна на Комисијата за селекција за унапредување по Интерниот оглас 02/2021 се изготвени Записник од административна селекција од 21.07.2021 година, Записник за спроведено интервју во постапката од 22.07.2021 година и е изготвена Конечна ранг листа од пријавените кандидати по Интерниот оглас 02/2021 со предлог за избор на најдобро рангираниот кандидат, при што по целокупно спроведената постапка од страна на Комисијата за селекција за унапредување е утврдено и констатирано дека на огласот за работното место Раководител на одделение за јавна хигиена, со шифра КДР 03 05 А03 015, во Одделение за јавна хигиена - Стручна служба - 1 (еден) извршител има пријавено еден кандидат- кандидатот Предраг Бојковски, кој ги исполнува во целост општите и посебните услови за пополнување на предметното работно место пропишани за соодветното ниво согласно Законот за јавните претпријатија, Правилникот за систематизација на работни места на ЈКП ,,Илинден" н.Илинден и Правилникот за формата и содржината на јавниот оглас за вработување и интерниот оглас за унапредување, начинот на поднесување на пријавата за вработување и унапредување, начинот на спроведување на селекцијата за вработување и за унапредување, како и начинот на бодирањето за давателите на јавни услуги со арх.бр.02-285/7 од 31.10.2017 година, и за истиот од страна на Комисијата до Директорот е доставена конечна ранг листа, со предлог за негов избор за работното место Раководител на одделение за јавна хигиена, со шифра КДР 03 05 А03 015, во Одделение за јавна хигиена - Стручна служба - 1 (еден) извршител.

Предвид претходно наведеново, Директорот на Јавното комунално претпријатие ,,Илинден" н.Илинден донесе одлука за работното место Раководител на одделение за јавна хигиена, со шифра КДР 03 05 А03 015, во Одделение за јавна хигиена - Стручна служба е избран кандидатот Предраг Бојковски, како во диспозитивот на оваа одлука.

Упатство за правно средство: Против оваа Одлука незадоволниот кандидат има право на жалба преку ЈКП ,,Илинден" н.Илинден до Управниот одбор на ЈКП ,,Илинден" н.Илинден во рок од 8 дена од денот на на приемот на оваа Одлука.

Предметнава одлука да се објави на веб страната на Јавното комунално претпријатие ,,Илинден" н.Илинден http://jkpilinden.com.mk/ и на огласната табла на претпријатието.

Д.Н.
- Одделение за човечки ресурси
- Архива
- Пријавениот кандидат

ЈКП ,,ИЛИНДЕН" н.Илинден
Директор
дипл.правник Игор Филиповски

Јавно комунално претпријатие „ИЛИНДЕН" Населба Илинден